Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА П.О.
Бр. 0202-576/3
18.07.2022 год.
Радовиш

Врз основа на член 11 и член 12 од Законот за јавни претпријатија, член 7 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, а согласно член 12 од Одлуката за доделување на дејност и користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на општина Радовиш , донесена од Советот на Општина Радовиш под бр. 08-420/1 од 28.02.2022 година, член 15 од Статутот на ЈП „Плаваја„ - Радовиш, Управниот одбор на седницата одржана на ден 15.07.2022 година донесе:

# ОДЛУКА

## за цени на јавни паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува надоместок за користење на услуги на јавни паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање по зони со кои стопанисува ЈП „ Плаваја„ Радовиш, согласно Одлуката за доделување на дејност и користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на општина Радовиш донесена од Советот на Општина Радовиш под бр. 08-420/1 од 28.02.2022 година.

Член 2

Цените на услугите и надоместоците се однесуваат на сите јавни паркиралишта со кој управува ЈП Плаваја Радовиш.

Член 3

Нивото на гравитирање на корисниците, процентуалниот сооднос, бројот на слободни паркинг места наменети за комерцијална продожба, како и потребата од временско ограничување на паркирањето го утврдува Управниот одбор на ЈП„ Плаваја„ Радовиш за секое јавно паркиралиште, односно јавна површина наменета за паркирање поединечно.

Член 4

Кај категоријата корисници на услуга **вработени кај правно лице** кое со седиштето гравитира кон јавното паркиралиште, односно јавната површина наменета за зонско паркирање, услугата се врши со временско ограничување на користење на користење на паркинг местото. Временското ограничување кај оваа категорија корисници на услуга е во согласност со работното време на правното лице и истото се утврдува дополнително со договор за користење на услуга, со секое правно лице одделно.

Член 5

Кај категоријата корисници на услуга **лица со посебни потреби,** услугата им се издава без надомест, и истата важи за сите паркиралишта со кои стопанисува ЈП,, Плаваја,, Радовиш, а кои се посебно означени како паркинг места за оваа категорија на лица со хоризонтална и вертикална сигнализација.

Член 6

Цената на услугата паркирање на јавно паркиралиште по зони на подрачјето на Општина Радовиш со пресметан ДДВ изнесува :

| УСЛУГА | Зона А | Зона Б |
|---|---|---|
| Паркирање денари/час | 30 денари | 20 денари |
| Цена за секој час паркирање за тешки товарни возила и автобуси | 100 денари | 100 денари |
| Дневна карта за паркирање за тешки товарни возила | 600 денари | 600 денари |
| Месечна карта за паркирање за тешки товарни возила | 6000 денари | 6000 денари |
| Дневна карта за паркирање за автобуси | | 600 денари |
| Месечна карта за паркирање за автобуси | | 12000 денари |
| Месечна повластена карта за станари на општина Радовиш | 300 ден. прво возило | 250 ден прво возил |
| | 500 ден второ возило | 400 ден второ возил |
| Месечна повластена карта за станари на општина Радовиш кои користат службено возило за приватни цели | 300 ден | 250 ден |
| Месечна дозвола за правни и физички лица кои не се станари | 2000 ден | 1800 ден |
| Годишна дозвола за правни и физички лица кои не се станари | 20000 ден | 18000 ден |
| Месечна паркинг карта за вработени | 300 ден | 250 ден |

| | | |
|---|---|---|
| Годишна карта за резервирано паркинг место | 40000 ден | 30000 ден |
| Гостинска паркинг карта која трае најмногу 3 дена и секој нареден ден се доплака | 200 ден/100 ден | 150 ден/70 де |
| Доплатен билет за паркирање на паркинг место означено за лица со посебни потреби. | 6000 ден | 6000 ден |
| Доплатен билет | 2000 ден | 2000 ден |
| Годишна паркинг карта за инвалиди | Без надомест | Без надомест |
| Окраден или оштетен блокатор за тркало | Набавна цена на блокаторот + 50% од истата цена | |

Член 7

Доколку доплатниот билет за паркирање на место за лица со посебни потреби истиот с плати во рок од 8 дена од денот на издавањето истиот ќе изнесува --- 3000 денари.

Доколку доплатниот билет се плати во рок од 8 дена од денот на издавањето истиот ќе изнесува --- 1000 денари

Член 8

Доплатен билет се издава доколку корисникот на услугата не го регулирал паркирањето, го надминал дозволеното време за паркирање, не го истакнал билетот, поставил неисправен билет,не е корисник на истакнат билет, не извршил плаќање во предвидениот рок, или при паркирањето не ја почитува хоризонталната и вертикалната сигнализација, односно доколку неинвалидизирано лице се паркира на место означено за лица со посебни потреби.

Член 9

Одлуката влегува во сила по објавување на Одлуката за давање согласност од Советот на Општина Радовиш.

Управен одбор на ЈП Плаваја Радовиш

Претседател

Наце Димитријев

Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш
Примено: 23.08.2022
Орг. един. 0201 | Број 64211 | Предлог | Вредност

Врз основа на член 11 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 89/22), член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) а во врска со член 21 став 1 точка 24 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на седница одржана на 27.07.2022 година, донесе:

# О Д Л У К А

## за давање Согласност на Одлука за цени на јавни паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање донесена од Управен одбор на ЈП Плаваја Радовиш бр.0202-576/3 од 18.07.2022 година

член 1

Се дава Согласност на Одлука за цени на јавни паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање донесена од Управен одбор на ЈП Плаваја Радовиш бр.0202-576/3 од 18.07.2022 година.

член 2

Одлуката да се достави до Управен одбор на ЈП Плаваја Радовиш.

член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш,, .

Број 08-1268/1
Дата 27 Јули 2022 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Моника Трајанова

Република Северна Македонија
Совет на општината
Општина Радовиш

Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш

| Примено: | 23.08.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Предлог | Вредност |
| 0201 | 642/2 | | |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

# РЕШЕНИЕ

за прогласување и објавување
на Одлука за давање Согласност на Одлука за цени на јавни паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање донесена од Управен одбор на ЈП Плаваја Радовиш бр.0202-576/3 од 18.07.2022 година

Ја прогласувам и објавувам одлуката за давање Согласност на Одлука за цени на јавни паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање донесена од Управен одбор на ЈП Плаваја Радовиш бр.0202-576/3 од 18.07.2022 година, бр.08-1268/1,

што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 27.07.2022 година.

Број 09- 1268/2
Дата 29 Јули 2022 година
Радовиш

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „ГРАДОНАЧАЛНИК" ОПШТИНА РАДОВИШ

Градоначалник
на Општина Радовиш
Ацо Ристов